Врз основа на член 16 став 2 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр. 52/10, 135/11 и 55/16), Основачкото собрание на Здружение за заштита на правата на корисници на потрошувачки кредити КРЕДИТ ПРОТЕКТ Скопје на седницата одржана на 29.03.2022 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за дејствување на Здружение за заштита на правата на корисници на потрошувачки кредити КРЕДИТ ПРОТЕКТ Скопје за 2022 година

ВОВЕД

Овој документ има за цел да ги презентира програмските определби и стратегијата на Здружение за заштита на правата на корисници на потрошувачки кредити КРЕДИТ ПРОТЕКТ Скопје (во натамошниот текст ,,Здружение или КРЕДИТ ПРОТЕКТ Скопје''). Програмата ја прикажува визијата на здружението, мисијата (целите), активностите, стратегијата и методите со кои ќе бидат остварени целите и задачите, понатаму целната група, улогата на Здружението и нејзиниот однос со целната група, како и останатите инволвирани страни.

Потребата за формирање на Здружението се наметна како резултат на неопходноста од зголемување на финанскска писменост на граѓаните корисници на потрошувачки кредити од Банки, Штедилници и Финансиски Друштва, поради зачестени прекршувања на правата на корисниците на потрошувачки кредити и зголемената потреба за обезбедување бесплатни правни совети и заштита на категоријата на граѓани кои се корисници на овие потрошувачки кредити, како и поради неопходноста од обезбедување на бесплатна правна помош при поведување на судски постапки и застапување од страна на адвокати на корисниците на потрошувачки кредити на кои им е прекршено некое право при користење на потрошувачки кредити кои финансиски не се во можност да поведат таква постапка. Дополнително здружението се формира поради потребата да се реагира и да се изврши влијание кај надлежни институции за менување на регулативата која ги регулира правата и обврските на корисниците на потрошувачки кредити како и регулативата која се однесува на исплатата и користењето на потрошувачки кредити.

Како резултат на постојаното зголемување на бројот на граѓани кои користат потрошувачки кредити, но и постојаното зголемување на граѓаните кои не се во состојба да ги отплатата овие кредити и запаѓаат во се поголеми долгови поради дополнителни надоместоци кои се наметнуваат, или трошоци поврзани со задоцнета отплата или присилна наплата, како и поради се позачестеното прекршување на правата на корисниците на потрошувачки кредити, со цел зголемување на јавната свест за можноста од презадолжување, запознавање на јавноста за нивните права и обврски како и помош при остварување на нивните права при користење на потрошувачките кредити, се јавува потребата за дејствување на Здружението во насока на обезбедување на помош и едукација на корисниците на потрошувачки кредити, токму во овие сегменти.

Имајќи го во предвид постојаниот пораст на бројот и обемот на потрошувачки кредити и корисници на потрошувачки кредити, како и на граѓаните кои Во нашата држава се презадолжени поради користење на потрошувачки кредити кои се исплатени без да се спроведе анализа на кредитната способност на корисникот на одговорен начин, како и поради постојаните дополнителни трошоци и надоместоци кои се наплаќаат од корисниците кои не се во можност редовно да ги исполнуваат обврските по основ на кредитниот производ, прекршувањето на правата на корисникот при наметнување на тие надоместоци, нетранспарентноста на Банките, Штедилниците и Финансиските друштва во поглед на надоместоците и трошоците поврзани со кредитните производи како и прекршување на правото на заштита на лични податоци при превземање на дејствија поврзани со кредитни производи, постои потреба од Здружение кое фокусот на делување ќе го насочи кон едукација

и заштита на правата на корисниците на потрошувачки кредитни производи од Банки, Штедилници и Финансиски друштва.

Оттаму, свесни за реалната состојба во нашата држава за потрошувачкото кредитирање од страна на Банките, Штедилниците и Финансиските друштва, проблемите кои ги имаат корисниците на потрошувачки кредити и нивната финансиска немоќ да превземат соодветни дејствија во случај на прекршување на некое нивно право, Основачкото собрание на Здружението како невладино, непрофитно и непартиско Здружение ја донесе својата Програма за работа.

ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Основна цел на Здружението е подобрување на финансиската писменост на населението при користење на потрошувачки кредити, застапување и превземање дејствија за подобруање на регулативата поврзана со потрошувачки кредити, подигнување на свеста на граѓаните за нивните права и обврски при користење на потрошувачки кредити, подобрување на правата на корисниците на потрошувачки кредити, заштита на правата на корисниците на потрошувачките кредити и остварување на правата на корисниците на потрошувачки кредити преку овозможување правна помош.

Долгорочни цели на Здружението се:

- Воспоставување на добри, фер и транспарентни практики и праведни услови кон корисниците на потрошувачки кредити од страна на Банките, Штедилниците и Финансиските друштва;
- Креирање на подобри политики и практики за оценка на кредитната способност на корисниците на потрошувачки кредити;
- Стремење и поттикнување кон креирање на подобра регулатива која ќе ги заштити корисниците на потрошувачки кредити од презадолженост како и од плаќање на несоодветно големи трошоци/провизии/надоместоци поврзани со потрошувачките кредити;
- Воспоставување на практики и соодветна законска регулатива која ќе придонесе до јасно дефинирање на условите под кои Банките, Штедилниците и Финансиските друштва можат да ги менуваат договорните кредитни услови и обврска за транспарентно објаснување на условите, трошоците, надоместоците и обврските при исплата и менување на условите на потрошувачки кредит
- Ограничување на висината на трошоците/провизиите/надоместоците кои настануваат како резултат на задоцнета отплата на потрошувачките кредити;
- Подигнување на свеста на населението за нивните права и можности и одговорности при користење на потрошувачки кредити;

Други цели на Здружението се:

- Да го едуцира населението за можностите да бараат правна заштита во случај на прекршување на нивните права при користење на потрошувачките кредити;
- Да дава совети и да го едуцира населението за правата и обврските кои ги имаат при користење на потрошувачки кредити;
- Да овозможи совети и бесплатна правна помош за реализација на правата на корисниците на потрошувачките кредити;
- Да им овозможи правна заштита при прекршување на правата на корисниците на потрошувачките кредити, преку обезбедување бесплатна правна помош и правен застапник во судска или вонсудска постапка за кои здружението ќе оцени дека постои основаност и соодветни докази за прекршувањето;
- Да организира и учествува на семинари, конференции, стручни советувања, специјални настани, обуки, работилници, предавања и други облици и форми на

заедничка работа на кои ќе се зборува/работи на тематика поврзана со потрошувачкото кредитирање;

- Да организира и учествува во проекти, правење анкети, извештаи и нивно објавување, објавување на билтени, брошури, извештаи, книги, видеа, ЦД, електроски медиуми и останати материјали, формирање и ажурирање на библиотека и давање на придружни услуги за информирање поврзани со потрошувачко кредитирање;
- Да организира и спроведува обуки или настани за зголемување на финансиската писменост на населението при користење на потрошувачки кредити;
- Да презема различни активности за промоција и заштита на правата на корисниците на потрошувачки кредити;
- Да собира податоци за условите и постапките под кои Банките, Штедилниците и Финансиските друштва кредитираат потрошувачки кредити и за истите да ја едуцира/известува јавноста;
- Да изготвува и објавува стручна литература на тематика потрошувачки кредити, права на корисниците на потрошувачки кредити, заштита на нивните права, и било која тематика поврзана со потрошувачки кредити и потрошувачко кредитирање;
- Да предлага мерки и активности на надлежните органи, институции и стручни служби, со цел унапредување на регулативата во областа на потрошувачките кредити како и да учествува во следење на нејзината имплементација;
- Да организира и спроведува обуки и советувања за развој на капацитетите кои се занимаваат со заштита на правата на корисниците на потрошувачките кредити;
- Да организира активности за членовите преку структурите на здружението и да обезбедува наставни, консултативни и други услуги за членството заради контиуниран професионален развој;
- Да соработува, да се поврзува, разменува знаење и да членува во други домашни и меѓународни организации кои работат на иста или слична проблематика;
- Да обезбедува материјални, финансиски и правни услови за работа на здружението и неговите членови;
- Врши и други работи во согласност со Уставот и законите кои го помагаат остварувањето на личните и заедничките интереси на корисниците на потрошувачки кредити.

Целна група на Здружението се граѓаните (луѓето) без разлика на нивната национална, религиска или друга припадност или определба кои се корисници, биле корисници или сакаат да станат корисници на потрошувачки кредитни производи во Банки, и/или Штедилници и/или Финансиски друштва.

Здружението посебно ќе се насочи кон корисниците на потрошувачки кредити, кон институциите кои кредитираат потрошувачки кредити и регулаторните тела кои ги носат одлуките повразни со ваквиот тип на кредитирање и заштита на правата на корисниците на потрошувачки кредити.

АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Своите цели Здружението во 2022 година ќе се стреми да ги оствари преку следниве активности:

1. Медиумски настапи за запознавање на јавноста за постоењето на Здружението и за зголемување на видливоста на здружението;
2. Подготовка, објава и/или дистрибуција на брошури, флаери, и други документи во печатена и електронска форма за запознавање на јавноста за постоењето на Здружението и за стратегијата, услугите и помошта која ја нуди,
3. Изработка и објава на текстови во печатена и електронска форма,со содржина:

- Одговорно/неодговорно кредитирање од страна на Банки, Штедилници и Финансиски друштва,
- Законска регулатива која го регулира користењето на потрошувачки кредити,
- Законски дозволени трошоци, провизии, надоместоци при користење на потрошувачки кредити,
- Предности при користење на наменски потрошувачки кредити
- Можност од презадолжување при користење на потрошувачки кредити
- Рзни тематики поврзани со потрошувачки кредити и потрошувачко кредитирање,

4. Превземање дејствија со цел да се оствари влијание кај надлежните институции за:
   - Подобрување на регулативата за заштита на корисниците на потрошувачки кредити, ограничување на трошоците/надоместоците/провизиите кои се наплаќаат од корисниците на потрошувачки кредити во случај на доцнење со отплата на потрошувачки кредитен производ,
   - Измена на Законот за Финансиските друштва
   - Измена на Законот за заштита на потрошувачи при потрошувачки кредити
   - Намалување на максимално дозволената годишна стапка на вкупните трошоци,
   - Креирање на фер кредитни практики при користење на потрошувачки кредити,
5. Обезбедување на советување и бесплатен правен совет на лица кои ќе се обратат во Здружението, поврзани со правата и обврските при користење на потрошувачки кредити,
6. Иницирање за поведување и водење на судски и/или вонсудски постапки преку правни застапници-адвокати за корисници на потрошувачки кредити на кои им е прекршено некое право при користење на потрошувачки кредитен производ за кои здружението ќе оцени дека постои основаност и соодветни докази за прекршувањето,
7. Соработка со адвокати кои би ги застапувале корисниците на потрошувачки кредити на кои им е прекршено некое право при користење на истите,
8. Собирање на податоци за статистички цели за условите под кои се одобрени, исплатени и наплатени потрошувачки кредити од лицата кои ќе се јават во Здружението за совет или правна заштита, со нивна претходна согласност,
9. Барање на донации од домашни и странски физички и/или правни лица, и/или организации/институции за обезбедување на средства за работа;
10. Соработка со слични организации од земјава и од странство;
11. Следење на европските и меѓународните практики, стандарди и регулатива за заштита на правата на корисниците на потрошувачки кредити,
12. Организирање на обуки, работилници, семинари и сл. за студенти, правници, адвокати или пошироката јавност, со цел едукација за правата и обврските при користење потрошувачки кредит, зголемување на финансиската писменост на населението, законските недостатоци, и практиките на Банките, Штедилниците и Финансиските друштва при потрошувачко кредитирање

Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето.

| Скопје; 29.03.2022 | Здружение за заштита на правата на корисници на потрошувачки кредити КРЕДИТ ПРОТЕКТ Скопје |
|---|---|
| [Печат: Здружение за заштита на правата на корисници на потрошувачки кредити КРЕДИТ ПРОТЕКТ СКОПЈЕ] | Застапник<br>Елена Таховска |